# Б-Интегрирана еколошка дозвола за инсталација која врши активност од Прилог 2 од Уредбата

**АД за производство на амбалажа од хартија и картон**
**ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ**
**Заштитно друштво Битола**
**ул. Идустриска бб, Битола**

**7000 Битола**

Број на дозвола

**УП.бр.16- 150**

**Општина Битола**
Булевар 1ви Мај
7000 Битола

# Содржина

Б-Интегрирана еколошка дозвола ........ 1

Содржина ........ 2

Вовед ........ 3

Дозвола ........ 1

1 Инсталација за која се издава дозволата ........ 2

2 Работа на инсталацијата ........ 4
**2.1 Техники на управување и контрола** ........ 4
**2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)** ........ 4
**2.3 Ракување и складирање на отпадот** ........ 6
**2.4 Преработка и одлагање на отпад** ........ 10
**2.5 Спречување и контрола на хаварии** ........ 11
**2.6 Мониторинг** ........ 11
**2.7 Престанок со работа** ........ 12
**2.8 Инсталации со повеќе оператори** ........ 13

3 Документација ........ 14

4 Редовни извештаи ........ 15

5 Известувања ........ 16

6 Емисии ........ 17
**6.1 Емисии во воздух** ........ 17
**6.2 Емисии во почва** ........ 20
**6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)** ........ 21
**6.4 Емисии во канализација** ........ 22
**6.5 Емисии на топлина** ........ 26
**6.6 Емисии на бучава и вибрации** ........ 27

7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води ........ 28

8 Програма за подобрување ........ 29

9 Договор за промени во пишана форма ........ 32

Додаток 1 ........ 33

Додаток 2 ........ 34

# Вовед

***Овие воведни белешки не се дел од дозволата***

Следната дозвола е издадена согласно Законот за животна средина (Службен весник 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/2011 и 123/2012) за работа на инсталација што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата на Владата за
“Определување на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола со временски распоред за поднесување оперативни планови “, до одобреното ниво во Дозволата.

## Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| Нема | | |

| **Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| Нема | | |

## Комуникација

Доколку сакате да контактирате со Органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, ве молиме наведете го Бројот на дозволата.

## Доверливост

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно потребите на Законот за животна средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот, согласно Законот за животна средина. За да и овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животна средина, чл.55 ст. 2, точка 4. Операторот ќе ја наведе причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

## Промени во дозволата

Оваа дозвола може да се менува во согласност со законот за животна средина.

Доколку дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

## Преглед на барани и доставени документи

| **Предмет** | **Датум** | **Коментар** |
|---|---|---|
| Барање Бр. 23-547 | Добиено 07.12.2007 | Барањето е нецелосно |
| Известување 23-547-1 | 04.09.2008 | Забелешки |
| | | |
| Барање Бр. 23-547 целосно | 23.12.2008 | Барањето е целосно<br>За ДУОП |
| Известување дека АД Фустеларко Борец ги исполна условите за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола | 26.03.2013 | |
| Барање од Одд за Заштита на животна средина до Општински инспекторат - дали се исполнети обврските од оперативниот план како и барањата утврдени во Б-интегрираната екол. ДУОП. | 01.04.2013 | |
| Доставен ЗАКЛУЧОК од овластен инспектор ИП 1 бр. 20-23 од 28.02.2013<br>Дека операторот го реализира оперативниот план пропишан со ДУОП бр.02/09 од 06.02.2009 и ги исполна условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола. | 03.04. 2013 | Барањето е целосно |

# Дозвола

**УП. бр. 16- 150**

Надлежниот орган за животна средина во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животна средина (Службен весник Бр 53/05, 81/05, 24/07,159/08, 83/09,48/10, 124/10, 51/11 и 123/2012), го овластува

**АД** за производство на амбалажа од хартија и картон **ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ Заштитно друштво Битола.**

со регистрирано седиште на:
**ул. "Индустриска" бб БИТОЛА**
**7000 БИТОЛА**
**МАКЕДОНИЈА**

**Број на регистрација на компанијата: ЕМБС 4014561, ЕДБ 4002991117706**

да раководи со Инсталацијата

**Печатница ФУСТЕЛАРКО БОРЕЦ**
**Индустриска бб, Битола**
**Општина Битола**
**7000 Битола**

во рамките на дозволата и условите во неа.

Потпис

*(Валентина Андријашевиќ Кривашија- раководител на одделение за Урбанистичко планирање и Заштита на животна средина, Општина Битола)*

**Овластен да потпише во име на Надлежниот орган за животна средина.**

Датум

**26.04.2013**

# Услови

# 1 Инсталација за која се издава дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1.

| **Табела 1.1.1** | | |
|---|---|---|
| Активност од Анекс 2 од У Р Е Д Б А за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| **6.7** | Инсталации за површинска обработка на материјали, предмети или производи во кои се користат органски растворувачи, пред се за превлекување, печатење, премачкување, одмастување, постигнување водоотпорност, премачкување со туткал, бојосување, чистење или импрегнирање, со капацитет на потрошувачка од 10 до 150 kg/h .<br><br>Вкупен проектиран капацитет  15 kg/h. | Дадени во:<br>Прилози II 1.1<br>од Барањето:<br><br>-сателитска снимка<br>-извод од урбанистички план<br>-поседовен лист<br>-копие од катастарски план<br>-мапа на локацијата |

1.1.2 Активностите овластени во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана во планот (Табела 1.1.2).

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| Документ | Место во документацијата |
| -сателитска снимка<br><br>-Извод од план - ГУП за град Битола Бр. 14-1524/2 од 03.10.2008 год. издаден од Сектор за урбанизам на Општина Битола<br><br>-Поседовен лист бр. 1213/5758 од 21.04.2008.<br><br>-Копие од катастарскиот план бр. 1207/1229 од 21.04.2008.<br><br>-Мапа на локацијата. | Прилози II1.1, од Барањето |

1.1.3 Инсталацијата за која се издава дозволата нема да отпочне со работа, се додека следните мерки не бидат завршени и додека Надлежниот орган не биде писмено известен за тоа: / .

# 2 Работа на инсталацијата

## 2.1 Техники на управување и контрола

2.1.1 Во инсталацијата за која се издава дозволата ќе работи персонал кој е соодветно обучен.

2.1.2 Операторот ќе назначи лице одговорно за прашањата од животната средина кое ќе биде соодветно обучено и ќе врши обука на останатиот персонал.

## 2.2 Суровини (вклучувајќи и вода)

2.2.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| **Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Вода се користи од градската водоводна мрежа | Глава IV од Барањето, со прилог: Фактура од ЈП Водовод Битола, бр. 05-60-21323 од 30-09-08 за 9. месец 2008<br>Прилози II 1.1.1 : *Шеми на надворешна и внатрешна хидрантска мрежа и*<br>*Фактура бр.05-60-213323 за платена сметка за вода од*<br>*30-09-2008 од ЈКП Водовод Битола* | 23.12.2008 |
| Електрична енергија се користи од градска електрична мрежа | Глава IV од Барањето<br><br>Прилог II 1.1.2 : *Шема на електрична мрежа* | 23.12.2008 |
| УВ лак<br>-benzophenone<br>-tripropyleneglicoldi acrilate | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Воден лак<br>-silicone oil | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Лепило за каширање<br>-III tricloroethane | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Целофанско лепило | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Картонско лепило<br>Смеса од 5 –chloro-2-methyl-2hisothiazol-3-one i 2-methyl-2H-isothiazol-3-one | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Разредувач<br>-Varn VWM/VM<br>-propil benzen<br>-mezitilen<br>-ksilen,мешавина изомер<br>-нафта, тешка<br>-нафта, лесна<br>-1,2,3-trimetilbenzen | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Бои на органска база<br>-etanol | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Пуфер | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Фиксир | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Развивач за филм<br>-сребро<br>-желатин | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Развивач за плочи<br>-sodium silicate | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Изопропил алкохол | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Фирнајс | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |

| | | |
|---|---|---|
| Талк | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Сушило<br>-kobalt nitrat | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Антитон | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Антиколин<br>-warfarin | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Нафта | Глава IV од Барањето | 23.12.2008 |
| Готови производи<br>-најразличен вид на амбалажни кутии | Глава IV од Барањето<br><br>Прилог II 1.3 : *Изјава за посветеност на фирмата кон политиката за квалитет на готови прозводи*<br>Прилог II 1.4 :*Постапки за работа за обезбедување на квалитет* | 23.12.2008 |

2.2.2 Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштата.

## 2.3 Ракување и складирање на отпадот

2.3.1 Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот | | |
|---|---|---|
| Опис | Документ | Дата кога е примено |
| Хартија / картон<br>Се пакува во бали, привремено се одлага во контејнер и се предава на понатамошна преработка на овластена фирма за рециклирање - АД „Комуна“ Скопје<br>350 t годишно | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .2.<br>*Договор за купопродажба помеѓу АД Фустеларко Борец Битола и АД Комуна Скопје*<br>*Заверен на 04.03.2008 година*<br><br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 1.* | 23.12.2008 |
| Отпадна пластична амбалажа (кеси, туби или буриња)<br>Привремено се одложуваат во магацинот а потоа се даваат за понатамошна употреба на заинтерсирани физички лица.<br>1,5 t годишно | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 2.* | 23.12.2008 |
| Отпадна метална амбалажа (метални буриња и канти)<br>Дел се даваат за понатамошна употреба на заинтерсирани физички лица, дел се користат за чување на изработена боја, а дел спакувани во најлонски кеси се одлагаат во контејнер и се предаваат на ЈП Комуналец.<br>1,2 t годишно | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 3.* | 23.12.2008 |
| Алуминиумски плочи.<br>Привремено се складираат во магацин.<br>Дел од плочите повторно се употребуваат, а дел се се даваат за понатамошна употреба на | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 4.* | 23.12.2008 |

| | | |
|---|---|---|
| заинтересирани физички лица.<br>250 парчиња | | |
| Заменети делови од машините.<br>Дел од деловите се репарираат, а дел се одлагаат во кругот на инсталацијата од каде на неколку години се предаваат во овластени складишта за отпад.<br>500 kg | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 5.* | 23.12.2008 |
| Дрвени палети.<br>Дел од палетите се користат за складирање на материјали во магацините, дел се даваат за понатамошна употреба на заинтересирани физички лица.<br>600 парчиња | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 6.* | 23.12.2008 |
| Отпадни крпи.<br>Се пакуваат во најлонски кеси и се одлагаат во контејнер за комунален отпад.<br>1,3 t | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .1.<br>*Месечна фактура за подигнување на комунален отпад од ЈП "Комуналец " Битола*<br>*Бр.9321069-00-0900708 од 30.09.2008 год.*<br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 7.* | 23.12.2008 |
| Отпадни хемикалии.<br>Се собираат и се чуваат во соодветни садови, до понатамошен третман или предавање на овластен субјект<br>1500 l | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 8.* | 23.12.2008 |
| Моторно масло.<br>Се собираат и се чуваат во соодветни садови, до понатамошен третман или предавање на | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 9.* | 23.12.2008 |

| | | |
|---|---|---|
| овластен субјект<br>500 l | | |
| Комунален отпад.<br>Се одлага во соодветен контејнер кој го подигнува јавното претпријатие за собирање и транспортирање на комунален и цврст технолошки отпад<br>350 t | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .1.<br>*Месечна фактура за подигнување на комунален отпад од ЈП "Комуналец " Битола*<br>*Бр.9321069-00-0900708 од 30.09.2008 год.*<br>Прилог V .4.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се складира соодветниот отпад. Точка 10.* | 23.12.2008 |
| Отпадни води.<br>Се испуштаат во градска канализација. | Глава V од Барањето<br><br>Прилог V .3.<br>*Месечна фактура за одведување на отпадни води од КЈП "Нискоградба" Битола*<br>*Бр.05-60-446717 од 30.09.2008 год.*<br>*Резултати од хемиско – микробиолошки преглед на отпадна вода*<br><br>Прилог XI.1.<br>*Мапа на инсталацијата со ознаки на местата на кои се испуштаат отпадните води во канализација. Точки 3.* | 23.12.2008 |

| **Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација** | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата локација** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| **Хартија / картон** | Означено со бр.1 на  мапата во Прилог  V.4. | Се пресува и се пакува во бали врзани во жица и се одлага во специјален контејнер | Се складира привремено до предавање на откупувачот АД „Комуна“ |
| **Отпадна пластична амбалажа** | Означено со бр.2 на  мапата во Прилог  V.4. | Во магацин | Се складира привремено |
| **Отпадна метална амбалажа** | **Означено со бр.3 на мапата во Прилог  V.4** | **Во магацин** | **Се складира привремено** |
| **Алуминиум-ски плочи** | **Означено со бр.4 на мапата во Прилог  V.4** | **Во магацин** | **Се складира привремено** |
| **Заменети делови од машините** | **Означено со бр.5 на мапата во Прилог  V.4** | **Во магацин** | **Се складира привремено** |
| **Дрвени палети** | **Означено со бр.6 на мапата во Прилог  V.4** | **Во магацин** | **Се складира привремено** |
| **Отпадни крпи** | **Означено со бр.7 на мапата во Прилог  V.4** | **Се пакуваат во најлонски кеси и се одлагаат во контејнер за комунален отпад** | **Се складира привремено** |
| **Отпадни хемикалии** | **Означено со бр.8 на мапата во Прилог  V.4** | **Се собираат во посебни садови** | **Се складира привремено** |
| **Моторно масло** | **Означено со бр.9 на мапата во Прилог  V.4** | **Се собираат во посебни садови** | **Се складира привремено** |
| **Комунален отпад** | **Означено со бр.10 на мапата во Прилог  V.4** | **Се собира во посебен контејнер** | **Се складира привремено** |

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1, или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

| **Табела 2.4.1 : Искористување и отстранување на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| | | |
| | | |

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган .

| **Табела 2.5.1 : Спречување и контрола на несакани дејствија** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Спречување на хаварии и реагирање во итни случаи | Глава XIII од Барањето | 23.12.2008 |
| Постапки за работа | *Прилог II.1.4од Барањето,* | 23.12.2008 |
| Елаборат за заштита при работа | *Прилог II.1.5  од Барањето* | 23.12.2008 |

Дополнителни услови:

## 2.6 Мониторинг

2.6.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува, мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1, или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| Табела 2.6.1 : Мониторинг | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Испитување на квалитет на отпадни води од технолошкиот процес.<br>Три мерни места означени со бр. 3 на мапата во Прилог *XI.1* од Барањето | *Глава XI од Барањето*<br>*Прилог XI.1 од Барањето* | 23.12.2008 |
| Мониторинг на загадување на воздух од трите оџаци означени со бр.2 на мапата во Прилог *XI.1* од Барањето | *Глава XI од Барањето*<br>*Прилог XI.1 од Барањето* | 23.12.2008 |
| Мониторинг на бучава на границите на инсталацијата. Три мерни места означени со бр. 1 на мапата во Прилог *XI.1* од Барањето | *Глава XI од Барањето*<br>*Прилог XI.1 од Барањето* | 23.12.2008 |

2.6.2 Операторот ќе обезбеди:

**а** безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци/мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во Додатокот; и

**б** безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3 Земањето примероци и анализите ќе се изведува според ИСО стандардите.

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.11.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено.

| Табела 2.7.1 : Престанок на работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Ремедијација | Глава XIV од Барањето | 23.12.2008 |

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава управува само еден оператор,

Оваа дозвола е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во делот 1.1.2 од оваа дозвола.

# 3 Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:-

**а** секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животната средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневник воден за таа цел;

**б** целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци.

3.1.2 Документацијата од 3.1.2 ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3 Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде доставен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4 Специфицираните и другите документи треба:-

**а** да бидат читливи;

**б** да бидат направени што е можно побрзо;

**ц** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да се приложат.

3.1.5 Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6 За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

**а** Составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

**б** најдобра проценка на количината создаден отпад;

**ц** трасата на транспорт на отпадот за одлагање; и

**д** најдобра проценка на количината отпад испратен на преработка.

3.1.7 Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзино влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат чувани во дневник воден за таа цел.

# 4 Редовни извештаи

4.1.1 Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина.

4.1.2 Операторот ќе даде извештај за параметрите од Табела Д2 во Додатокот 2 :

**а** во однос на наведени емисиони точки;

**б** за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 и за обликот и содржината на формуларите, операторот и надлежниот орган ќе се договорат за време на преговорите;

**ц** давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие Табели; и

**д** испраќање на извештај до Надлежниот орган во рок од 15 дена од предвидениот рок во дозволата

# 5 Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган **без одложување**:-

**а** кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа дозвола, наведен во врска со таа супстанција;

**б** кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување;

**ц** кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување; и

**д** било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве

**а** перманентен престанок на работата на било кој дел или на целата инсталација, за која се издава дозволата;

**б** престанок на работата на некој дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолго од 1 година; и

**ц** повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за кој што се издава дозволата, по престанокот по известување според 5.1.3 (б).

5.1.3 Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**i** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистрирана канцеларија;

**ii** промена на податоците за холдинг компанијата на операторот (вклучувајки и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа);

**iii** за активности кога операторот оди во стечај склучува доброволен договор или е оштетен;

# 6 Емисии

## 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на  емисија наведени во Табела 6.1.1, ќе потекнат само од извор(и) наведен(и) во таа Табела. (Според мапата број)

| Табела 6.1.1 : Емисиони точки во воздухот | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| Оџак 1 | Котел BPP тип 1000, Вентилатор – Загреб<br>(гориво: лесно масло за ложење) | Означена со бр.2 на мапата во Прилог *XI.1* од Барањето |
| Оџак 2 | Котел VAPOREX тип 800<br>(гориво: масло за ложење) | Означена со бр.2 на мапата во Прилог *XI.1* од Барањето |
| Оџак 3 | Котел VAPOREX тип 800<br>(гориво: масло за ложење) | Означена со бр.2 на мапата во Прилог *XI.1* од Барањето |

Додадете редови по потреба

6.1.2 Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3 Временските периоди од 6.1.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување во поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.1.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.1.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела.

| **Табела 6.1.2 : Граници на емисиите во воздухот** | | |
|---|---|---|
| **Параметри** | **На три мерни точки означени со бр. 2 на мапата во** *Прилог XI.1 од Барањето* | Фреквенција на мониторинг |
| CO | 170 mg/m$^3$ | Еднаш годишно |
| $NO_x$ ($NO_2$) | 350 mg/m$^3$ | Еднаш годишно |
| $SO_x$ ($SO_2$) | 1700 mg/m$^3$ | Еднаш годишно |
| HF | 5 mg/m$^3$ | Еднаш годишно |

Додадете редови и/или колони по потреба

*За секоја точка на емисија посебна табела*

6.1.5 Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата,

6.1.6 Емисиите во воздухот, освен переа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.7 Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причина на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се преземат да минимизира емисијата.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема да има емисии во почвата

6.2.2 Операторот ќе извести за секоја непредвидена емисија во почва.

## 6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)

6.3.1 Емисии во вода од точка(и) на емисија наведени во Табела 6.3.1 ќе потекнуваат само од извор(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.1 : Точки на емисија во вода** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија.** | **Извор** | **Количество** |
| | | |
| | | |
| | | |

Додадете редови и/или колони по потреба

6.3.2 Границите за емисиите во вода за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2, нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3 Временските периоди од 6.3.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.3.4 Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2, на точките на емисија и најмалку на фрекфенции наведени во таа Табела.

| **Табела 6.3.2 : Граници на емисија во вода** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Параметар | Точка на емисија | | Точка на емисија | | Фреквенција на мониторинг |
| | До (датум) | Од (датум) | До (датум) | Од (датум) | |
| | Вредност | Вредност | Вредност | Вредност | |
| | | | | | |
| | | | | | |

6.3.5 Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.6 Операторот ќе зема примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот (наведи) со (наведи) фреквенција.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисиите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат само од изворот(ите) наведени во таа Табела.

| **Табела 6.4.1 : Точки на емисија во канализација** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точката на емисија** | **Извор** | **Канализација** |
| Три точки означени со бр. 3<br>*Прилог XI.1 од Барањето* | Отпадни води од технолошкиот процес | Градска канализациона мрежа |
| Две точки означени со бр. 4<br>*Прилог XI.1 од Барањето* | Отпадни води од санитарни јазли | Градска канализациона мрежа |

6.4.2 Границите на емисиите во канализација за параметарот(рите) и точките на емисија поставени во Табела 6.4.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.4.3 Временските периоди од 6.4.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 8 од оваа дозвола.

| **Табела 6.4.2 Граници на емисии во канализација** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Гранични вредности** | **Точка на емисија** |
| pH | 6,5 – 9,5 | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Температура | 4 | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| БПК 5 мgO2/l | Чл.5( 250мг О2/л) | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| ХПК мgO2/l | Чл.5( 700 мг О2/л) | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Хлориоди | Чл.5 | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Фосфор  вкупен | Чл.5 | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Азот вкупен | Чл.5 | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Амониум | - | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Нитрити | 10 | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Нитрати | - | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |

6.4.4 Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во табела 6.4.3а и 6.4.3б, на точките на емисија и не поретко од наведеното во таа Табела.

6.4.5 Нема да има испуштање на било какви супстанции кои може да предизвикаат штета на канализацијата или да имаат влијание на нејзиното одржување.

| **Табела 6.4.3а Барања за мониторинг за канализација (се до и вклучувајќи 26.04.2013)** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Фреквенција** | **Точка на емисија** |
| pH | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Температура | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| БПК 5 мgО2/l | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| ХПК мgО2/l | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Хлориоди | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Фосфор вкупен | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Азот вкупен | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Амониум | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Нитрити | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Нитрати | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |

| **Табела 6.4.3б Мониторинг на канализација (од 26.04.2013)** | | |
|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Точка на емисија** |
| pH | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Температура | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| БПК 5 мgO2/l | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| ХПК мgO2/l | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Хлориоди | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Фосфор вкупен | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Азот вкупен | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Амониум | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Нитрити | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |
| Нитрати | Еднаш годишно | Точки 3 *Прилог XI.1 од Барањето* |

6.4.6 Не смее да има емисии во канализација од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција препишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.4.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

## 6.5 Емисии на топлина

Нема.

**Емисии на бучава и вибрации**

Емисиите на бучава и вибрации се резултат на работата на бетономешалката и транспортните средства-камиони за дотур на суровини и утовар на готов производ.

Максималното ниво на бучавата на границите на локацијата од оваа инсталација треба да биде во следните граници :

Дење: $L_{д}$=70 dBA,

Вечер $L_{в}$=70 dBA,

Ноќе $L_{н}$=60 dBA,

со LAmax = 110 dBA

# 7 Пренос до пречистителна станица за отпадни води

Нема.

# 8 Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведе договорените мерки наведени во Табела 9.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога било комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| Табела 8.1.1 : Програма за подобрување | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| 1. | Замена на конвенционалните бои со бои базирани на растителни масла (само за шитфед офсет технологија) | декември 2013 |
| 2. | Намалување на емисијата или целосна замена на Изоприл алкохол во процесот на развивање | декември 2013 |
| 3. | Користење на керамички хромиумски или хидрофилични плочи | декември 2013 |
| 4. | Прилагодување на ваљаците и цилиндрите за помала концентрација на ИПА | декември 2013 |
| 5. | Ладење во процесот на развивање | декември 2013 |
| 6. | Ладење на ваљаците и на цилиндрите | декември 2013 |
| 7. | Отстранување на ИПА од системите за развивање | декември 2013 |
| 8. | Контрола на тврдоста на водата во процесот на развивање | декември 2015 |
| 9. | Безводен офсет | декември 2013 |
| 10. | Енкапсулација на пресите или третман на воздухот од коморите | декември 2015 |
| 11. | Автоматски чистачи под висок притисок за ваљаците. | декември 2015 |

| | | |
|---|---|---|
| 12. | Автоматски системи за чистење на цилиндрите | декември 2015 |

# 9 Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството “или како што е друго договорено написмено” се користи во услов од дозволата, операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

**а** Операторот ќе í даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа дозвола: и

**б** Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 10.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува на тоа, дозволата ќе мора да се дополнува.

# Додаток 1

## Писмена потврда за условот 5.1.1 (известувања), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисија.

Ако некоја информација се смета за деловно доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на одделен лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласнот со Законот за животна средина.

Потврдата треба да содржи

### *Дел А*

- ☐ Име на операторот.
- ☐ Број на дозвола.
- ☐ Локација на инсталацијата.
- ☐ Датум на доставување на податоци.
- ☐ Време, датум и локација на емисијата.
- ☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува :
  - ☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија, и времето кога се случила емисијата.
  - ☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
  - ☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

### *Дел Б*

- ☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
- ☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
- ☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
- ☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

| | |
|---|---|
| ☐ Име | ☐ Пошта................................ |
| ☐ Потпис | ☐ Датум |

☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на операторот.

# Додаток 2

## Извештаи за податоците од мониторингот

Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа дозвола, се наведени подолу.

| **Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот** | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| Бучава | Точки 1 *Означени на мапата во Прилог XI.1 од Барањето* | Годишно | 26.04.2013 |
| Воздух | Три оџаци *Означени со точки 2 на мапата во Прилог XI.1 од Барањето* | Годишно | 26.04.2013 |
| Отпадни води | Точки 3 *Означени на мапата во Прилог XI.1 од Барањето* | Годишно | 26.04.2013 |